| | |
|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: Македонски јазик | |
| Наставно подрачје/тема – Медиумска писменост и медиумска култура | |

| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Толкување и користење медиумски содржини | Идентификува клучна порака во текстуални медиумски содржини на-пишани со букви со раз-лична голе-мина/дебели-на и/или во различни бои.<br><br>Идентификува клучна порака во медиумски содржини со илустрации според големи-ната, позицијата и бојата на прикажаните објекти. | 90 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>На видеобим се покажува постер од ликови од познати светски бајки.<br><br>Учениците се искажуваат од кои бајки се ликовите, кои им се омилени бајки што ги имаат гледано на телевизија, компјутер (youtube), Netflix или на кино.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците се поделени во групи . Добиваат насока да разгледаат и опишат илустрации, корици на сликовници книги или постери од интернет од познати бајки:<br>• 1група - „Снежана“<br>• 2група - „Црвенкапа “<br>• 3група - „Трнорушка“(Заспаната убавица)<br>• 4група - Аладин и сл.<br>       <br>Се искажуваат за информациите и пораките кои ги | Видеобим<br><br>Компјутер<br><br>Учебник<br><br>Сликовници или книги со бајки<br><br>Снежана, Црвенкапа, Трнорушка Аладин и сл<br><br>Работен лист за секој ученик | Чек листа за следење:<br><br>Одговор на пра-шања со целосни реченици<br><br>Идентификува клучна порака во текстуални меди-умски содржини.<br><br>Идентификува клучна порака во медиумски содр-жини со илустрации<br><br>Работен лист |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | добиваат од текстуалните медиумски содржини<br>**А)** Наслов на сказната<br>• Какво значење има насловот ? Дали ве привлекува насловот за да ја читате бајката?<br>• Каде се наоѓа насловот на постерот-горе, долу, средина и сл.)<br>• Со каква големина на букви е напишан насловот?<br>• Зошто другиот текст е напишан со мали букви, со друга боја и сл.<br>Б) Илустрации на корица, слика, постер<br>• Која слика најмногу го привлекува вашето внимание?<br>• Што ви се допаѓа на сликата?<br>• Дали може преку илустрациите да ја открите содржината или ликовите во бајката?<br>• Кој текст од постерите најмногу ви се допаѓа? Зошто?<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците индивидуално работат во работен лист каде се искажуваат со зборови или кратка реченица во врска со дадените барања.<br>Усно ги објаснуваат своите одговори.<br>За домашна работа им се препорачува да го проследат долгометражниот анимиран филм „Снежана и седумте џуџиња“ од продукцијата на Walt disney<br>https://www.youtube.com/watch?v=0kHOYavm7VY<br>**Рефлексија:**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат , но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот. | | |

resursi.literatura.mk

| Постер | Напиши го насловот на бајката како што е прикажан на постерот | Со какви букви е напишан насловот на бајката? (Ракописни или печатни) | Што е претставено на илустрацијата? | Напиши кратка реченица/ порака која може да ја извлечеш од илустрациите и текстот од постерот/корицата. |
|---|---|---|---|---|
|   | | | | |
|   | | | | |
|   | | | | |
|   | | | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: Македонски јазик | |
| Наставно подрачје/тема – Литература,изразување и творење | |

| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Видови литературни текстови (расказ, бајка, басна, драма, песна)<br><br>Анализа на литературни текстови (тема, настан, лик, време, место | Одредува тема на прочитан литературен текст.<br><br>Одредува време и место на настаните на прочитан литературен текст.<br><br>Ги препознава ликовите во прочитан литературен текст и ги поврзува нивните постапки со нивните особини | 91 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците откриваат два зборови од измешаните букви напишани на таблата.<br>А Ж С Е Н А Н     У Џ Њ И А Ц<br>СНЕЖАНА     ЏУЏИЊА<br>Разговор со учениците за анимираниот филм - Снежана и седумте џуџиња.<br>• Дали содржината на филмот и содржината на бајката од книгата се разликуваат?<br>Учениците се искажуваат за бајките како приказни во кои има невозможни, волшебни суштества, предмети, појави и настани.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Проверка на подготвеноста на учениците за лектирното дело. (Наставникот може да има подготвено презентација за бајката).<br>Низ насочени прашања се открива насловот и авторот на лектирното дело. Се разгледува корицата, илустрациите во книгата кои наведуваат на разбирање на содржината на бајката.<br>Секој ученик добива работен лист за реализација на активностите на часот. Со помош на презентација/книга се чита и анализира бајката.Се одредува :<br>**Тема** – за кого се зборува во бајката;<br>**Место**- Каде се случува настанот? | Видеобим<br><br>компјутер<br><br>Табла<br><br>Маркер/креди во боја<br><br>Боички<br><br>Лектирно дело за секој ученик<br><br>Работен лист за секој ученик | Чек листа за следење:<br><br>Одговор на прашања со целосни реченици<br><br>Одредува тема време и место на настаните во бајката<br><br>Ги препознава ликовите и ги поврзува нивните постапки со нивните особини<br><br>Работен лист |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Време**- Кога се случил настанот?<br>**Ликови** – Кои ликови се носители на дејството?<br>Учениците усно прераскажуваат по насочени прашања и запишуваат во работниот лист.(1 дел)<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Прашања за особините на ликовите:<br>• Зошто кралицата ја мразела Снежана? Какви особини има таа?<br>• Зошто ловецот на ја исполнил наредбата на кралицата? Какви особини има тој?<br>• Какви особини има Снежана?<br>Рефлексија:<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат , но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот. | | |

resursi.literatura.mk

Одделенски наставник – Наташа Тодоровска ООУ „Ѓорѓи Сугарев“ - Битола

**Лектира број 2 „Снежана“ од браќата Грим – прв час**



Кралицата роди девојче бело како снег,црвено како крв во образите и со коса црна како абоносово дрво.
Нејзиното име беше ________________.

Новата кралицата имаше волшебно огледало кои секогаш ја кажуваше вистината. Таа го прашуваше:
Огледало,огледало мое,
________________________________________?



Снежана растеше и стануваше се поубава и еден ден огледалото на кралицата и рече:
„Најубава кралице вие сте кај нас.
________________________________________
________________________________________
“

**Заокружи го точниот одговор.**
Кралицата го повика ловецот и му рече:

а) Однеси ја во шумата и остави ја да ја изедат животните!
б) Однеси ја во шумата, убиј ја, а срцето донеси ми го како доказ.
в) Затвори ја во највисоката кула.

Што се случи со Снежана?

**Поврзи ги сликите со точните искази.**



Забележа мала куќичка и влезе внатре за да се засолни и да се одмори.



Снежана остана во куќичката на џуџињата и се грижеше за нив. Сите беа среќни.



Снежана си легна на едно од седумте креветчиња.



**Опиши ја Снежана**

resursi.literatura.mk

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Литература,изразување и творење | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| Анализа на литературни текстови (тема, настан, лик, време, место | Ги препознава ликовите во прочитан литературен текст и ги поврзува нивните постапки со нивните особини<br><br>Одговара на прашања за прочитаниот литературен текст во врска со ликовите и/или содржината. | 92 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците одговараат на прашања (повторување од претходниот час)<br>• Какво огледало имала кралицата?<br>• Кои зборови ги кажувало огледалото?<br>• Зошто кралицата не ја сакала малата Снежана?<br>• Што му наредила кралицата на ловецот?<br>• Како постапил ловецот на наредба од кралицата?<br>• Што се случило со Снежана во шумата?<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Низ насочени прашања учениците ја прераскажуваат содржината:<br>• Како кралицата се обидувала да ѝ наштети на Снежана ?(отровен чешел, свилен појас, отровно јаболко)<br>• Како на Снежана и помагаат и ја чуваат седумте џуџињата?<br>• Кој и како ја спасува Снежана од сигурна смрт?<br>Учениците се насочуваат за работа во работниот лист (втор дел)<br>Насоки за индивидуална работа во работниот лист, определување на хронолошки ред на настаните по дадени слики.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Изведување на заклучоци за ликовите и нивните постап- | Видеобим<br><br>компјутер<br><br>Табла<br><br>Маркер/креди во боја<br><br>Боички<br><br>Лектирно дело за секој ученик<br><br>Работен лист за секој ученик | Чек листа за следење:<br><br>Одговор на прашања со целосни реченици<br><br>Ги препознава ликовите и ги поврзува нивните постапки со нивните особини<br><br>Работен лист |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | ки.<br>• Со кои зборови би ја опишале Снежана? Кои особини ја красат?<br>• Како би ја опишале кралицата? Зошто?<br>• Какви биле џуџињата? Кое џуџе ви е најомилено?<br>• Дали ловецот е добар или лош лик? Зошто?<br>Откривање на поуката од бајката.<br>**Рефлексија:**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат , но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот. | | |

resursi.literatura.mk

Одделенски наставник – Наташа Тодоровска ООУ „Ѓорѓи Сугарев“ - Битола

**Лектира број 2 „Снежана“ од браќата Грим – втор час**



Кралицата веруваше дека Снежана е мртва и дека го изела нејзиното срце.

Кој и ја кажал вистината?

____________________________



**Заокружи го точниот одговор.**

Кралицата се преправи во стара продавачка и со итрина ја убеди Снежана да и облечи:

а) бела кошула
б) сребрени чевли
в) свилен појас

**Дали Снежана успеа да се спаси?**

Што одговорило волшебното огледало на прашањето на кралицата?

„Најубава кралице вие сте кај нас,
но сред шума,сред дрвцата малави,
кај седумте ____________ вредни и палави,
____________ стопати е поубава од вас!

Кралицата се преправила како друга старица и да ја убеди Снежана да ја исчешла со ____________ чешел. Џуџињата повторно ја спасиле.

Раскажи што се случило потоа? Каков план имала злобната кралица?

**Подреди ги правилно сликичките и доврши ја приказната**











resursi.literatura.mk

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Читање и пишување | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| **Почетно читање**<br><br>**(глас, слог, збор, едноставна реченица, куса реченица, азбука)** | Ги препознава буквите и ги поврзува со соодветниот глас и со зборови што започнуваат со тој глас.<br><br>Ги поврзува печатните и ракописните букви со соодветните гласови<br><br>Ги препознава ракописните букви во состав на слог, збор или реченица. | 93 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците се потсетуваат и ги повторуваат изучените песни и гатанки за буквите : А, Б, В, Д, Е, И, Ј, К, Л, М, Н, О, Р, С, Т, У( Букварка- Ги учиме буквите од кирилицата преку песнички, гатанки и дополнувалки) .<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Наставникот истакнува постер со печатни букви. Им посочува на учениците печатна буква, а тие во тетратката треба да ја напишат печатната и ракописната буква.<br>Аа- *Аа*, Бб- *Бб*...<br>Читање на изучени текстови напишани со ракописни букви<br>*Весна и Наум*<br>*Коста и Тони*<br>*Јане е смен*<br>*Дедо Димо и баба Бојана*<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците во парови составуваат зборови од слогови и од составените зборови составуваат реченици.<br>(Слоговите може да се запишат на табла или да се изработат картички за изведување на игровни активности)<br>***то- бо -не , На , та- ле , он - а - ви,***<br>***небото На лета авион***<br>***На небото лета авион.*** | Букварка- Ги учиме буквите од кирилицата преку песнички, гатанки и дополнувалки<br><br>постер со печатни бикви<br><br>учебник<br><br>Тетратка за почетно пишување | Чек листа за следење:<br><br>Одговор на прашања со целосни реченици<br><br>Ги поврзува печатните и ракописните букви со соодветните гласови<br><br>Ги препознава ракописните букви во состав на слог, збор или реченица. |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Речениците ги запишуваат во тетратка.<br>**Рефлексија:**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат , но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот. | | |

resursi.literatura.mk

| | |
|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: Македонски јазик | |
| Наставно подрачје/тема – Читање и пишување | |

| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Почетно пишување<br><br>(печатни букви, ракописни букви, мали букви, големи букви, точка,<br><br>запирка,<br><br>прашалник,<br><br>извичник,<br><br>азбука) | Прави разлика меѓу ракописни и печатни букви<br><br>Пишува ракописни букви мали и големи<br><br>Пишува зборови и куси реченици со ракописно писмо. | 94 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците погодуваат гатанки /стихови преку кои ги откриваат новите ракописни букви кои ќе се обработуваат- П и Ш.<br><br>Учениците се групирани во 6 групи.<br>Три групи за откривање на зборови кои ја содржат буквата П ( почеток, средина и крај на збор) и три групи за зборови кои ја содржат буквата Ш во различна позиција на зборот.<br>Групите имаат време од 5 минути да запишат на лист што повеќе зборови кои ги содржат буквите.<br>Учениците се искажуват дали беше лесно да се пронајдат зборови со буквите на различна позиција во зборот.<br>**пат тапан топ шатор пушка кош**<br>**Главен дел – искуствено учење** | постер од голема и мала печатна буква Пп, Шш и голема и мала ракописна буква *Пп, Шш.*<br><br>тетратка за почетно пишување | Чек листа за следење:<br><br>Правилно ги пишува ракописните букви *П* и *Ш*<br><br>Правилно ги поврзува ракописните букви во зборови и реченица<br><br>Пишува зборови и куси реченици со ракописно писмо. |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Се истакнува постер од голема и мала печатна буква Пп и голема и мала ракописна буква ***Пп.***<br>Се анализираат разликите во елементите на буквите.<br>Учениците вежбаат пишување по еден ред од печатната буква П,п.<br>Наставникот демонстрира како е изведена ракописната буква ***П,п*** од печатната, а учениците вежбаат пишување на ракописните букви.<br>На ист начин се увежбува пишување на буквата ***Шш .***<br>Од изучените букви учениците вежбаат пишување на зборовите:<br>***Петар, петка, патики, лопата, Прилеп, лепило, топ..***<br>***Штип, шишарка,шапка, кошарка, Шенол, штипка...***<br>Учениците увежбуваат пишување и читање на реченици.<br>***Павел е роден во Крушево.***<br>***На Сашо му летна шапката.***<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Хорово се меморираат гатанките за буквите П и Ш<br>(за време за други активности)<br><br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Читање и пишување | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| **Почетно читање**<br>(глас,слог,збор, едноставна реченица, куса реченица, азбука<br>**Почетно пишување**<br>(печатни букви, ракописни букви, мали букви, големи букви, точка,<br>запирка, прашалник, извичник, | Чита букви, зборови, слогови и едноставни/куси реченици во состав на разни текстови<br>Самостојно пишува едноставен текст, од сеќавање на претходно слушнат текст или од текст научен напамет | 95 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Повторување на гатанките за буквите П и Ш.<br>Читање на речениците од домашната работа кои ги содржат буквите П и Ш.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Наставникот изразно го чита текстот„ Сите сме први“ од учебник стр. 34 и 35. Учениците одговараат на прашања од содржината на текстот.<br>• Кој прв станува во домот ?<br>• Кој прв оди на работа?<br>• Што работи таткото?<br>• Кој прв појадува?<br>• Што прави братот по појадокот?<br>• Кој е спанко и сака прв да легне в кревет?<br>• А кој прв се лути?<br>Хорово се чита текстот (1-2 пати) со цел учениците да се воведат во читање на текстот со правилна артикулација и дикција.<br>Наставникот дава насоки за внимателно препишување на текстот. Додека учениците препишуваат, наставникот индивидуално со секој ученик го увежбува читањето на | Постери со изучените ракописни букви.<br>учебник<br>тетратка за почетно пишување | Чек листа за следење:<br>Одговор на прашања со целосна реченици<br>Чита зборови и едноставни/ куси реченици во текст<br>Правилно пишува краток текст со ракописни букви |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| азбука) | | | новиот текст.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците усно се искажуваат во што се тие први во домот.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Читање и пишување | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| **Почетно пишување**<br><br>(печатни букви, ракописни букви, мали букви, големи букви, точка,<br><br>запирка, прашалник, извичник, азбука) | Пишува едноставна јазична содржина (поврзува гласови и букви во целосен збор, зборови во реченица) по слушање.<br><br>Пишува голема буква на почетокот од реченицата што ја запишува од слушање<br><br>Пишува едноставни и куси текстови по диктирање | 96 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Се повторуваат изучените букви преку постерите со ракописни букви.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците имаат тетратка за почетно пишување( за писмена проверка) .<br>Наставникот дава насоки да се подготват учениците за пишување на зборови и реченици по диктат.<br>Учениците по диктат пишуваат неколку зборови со изучените букви.<br>***круша, шал, рибар, праска, Дебар, Томе, Оливера...***<br>Учениците се потсетуваат да внимаваат на голема буква на почеток на реченица и при пишување на лични имиња.<br>• ***Миле се шета во паркот.***<br>• ***Поштарот донесе писмо.***<br>• ***Во собата е темно.***<br>• ***Бобан свири на тапан.***<br>• ***Кирил купи нова санка...***<br>Учениците со внимание го слушаат наставникот и пишуваат по диктат.<br>Читање на речениците за контолна проверка и коригирање на грешките.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците во парови ги разменуваат тетратките.<br>Наставникот запишува на табла како правилно треба да | Постери со изучените ракописни букви.<br><br>тетратка за почетно пишување | Чек листа за следење:<br><br>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Пишува голема буква на почетокот од реченицата<br><br>Правилно пишува реченици со изучени ракопсни букви по диктат |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | бидат запишани речениците. Ги насочува да ги прегледаат речениците на своето другарче и да проверат дали им се точно напишани. Онаму каде се точни ставаат знак за точно(штиклираат), а доколку има грешки во речениците ставаат прашалник.<br>Наставникот ги проверува диктатите на учениците и им дава усна и писмена повратна информација за постигнувањата.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: Македонски јазик | |
| Наставно подрачје/тема – Литература,изразување и творење | |

| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Видови литературни текстови (расказ, бајка, басна, драма, песна) | Наведува некои карактеристи ки на драма (дијалог, ликови). | 97 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците разгледуват слика и одговараат на прашања:<br>• Каде се наоѓа девојчето?<br>• Што држи во дланката?<br>• Размисли, за што разгова-раат девојчето и птицата?<br><br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците внимателно слушаат изразно читање на драмски текст,, Весна и Цивко“ од К. Донев. Одговараат на прашања поврзани со содржината на текстот:<br>• Кои се ликови во драмскиот текст?<br>• Кој цивкал крај прозорецот?<br>• Зошто бил тажен Цивко?<br>• Кој ја слушнал неговата тажна песна?<br>• Што му дала Весна на Цивко?<br>• Како ѝ заблагодарил Цивко на Весна?<br>Секој ученик добива испечатен примерот од драмски текст „ Весна и Цивко“.<br>Учениците го воочуваат дијалогот на ликовите Весна и Цивко и делот каде зборува раскажувачот.<br>Читање на текстот по улоги - раскажувач, Весна, Цивко.<br>**Завршни активности – изведување заклучок** | Видеобим<br><br>Компјутер<br><br>Испечатен примерот од драмски текст за секој ученик<br><br>**Лица:** Раскажувач, Весна и врапчето Цивко.<br>**Раскажувач:** Зимско утро. Сè е тивко. Крај прозорецот цивка Цивко.<br>**Цивко:** Штипе, сече ветерот ладен. Ах, колку сум смрзнат, гладен. Снежец вее, сè е бело - покри дворој, поле цело.<br>**Раскажувач:** Зад прозорец стои Весна, слуша тажна песна.<br>**Весна:** Некој тажна песна пее, сака и тој да се згрее.<br>**Раскажувач:** Девојчето ретко греши, да го пушти внатре реши. Прозорецот крцна тивко, во собата влезе Цивко!<br>**Весна:** Еве, храна колку сакаш!<br>**Раскажувач:** Колвна Цивко и се згреа, потем скокна и запеа.<br>**Цивко:** Биди здрава, жива, Весно! Да те краси љубов, песна! Пријателот, кај и да е, по доброта секој го знае. Во тешките, снежни дни, еден живот спаси ти!<br>***Киро Донев***<br><br>лепило<br><br>тетратка за почетно пишување | Чек листа за следење:<br><br>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Препознава дијалог во драмски текст<br><br>Препознава и именува ликови во драмски текст |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Учениците изведуваат заклучок за особините на лико-вите :<br>Весна : одговорна, добра, хумана(сака да помага)<br>Џивко: исплашен, благодарен, внимателен,снаодлив<br>Учениците го лепат текстот во тетратката и избираат улога која сакаат да ја подготват за следниот час.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

**ВЕСНА И ЦИВКО**



**Лица**: Раскажувач, Весна и врапчето Цивко.

**Раскажувач:** Зимско утро. Сѐ е тивко. Крај прозорецот цивка Цивко.

**Цивко:** Штипе, сече ветерот ладен. Ах, колку сум смрзнат, гладен. Снежец вее, сѐ е бело - покри двороj, поле цело.

**Раскажувач**: Зад прозорец стои Весна, слуша тажна песна.

**Весна:** Некој тажна песна пее, сака и тој да се згрее.

**Раскажувач:** Девојчето ретко греши, да го пушти внатре реши. Прозорецот крцна тивко, во собата влезе Цивко!

**Весна:** Еве, храна колку сакаш!

**Раскажувач:** Колвна Цивко и се згреа, патем скокна и запеа.

**Цивко:** Биди здрава, жива, Весно! Да те краси љубов, песна! Пријателот, кај и да е, по доброто секој го знае. Во тешките, снежни дни, еден живот спаси ти!

***Киро Донев***

resursi.literatura.mk

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Слушање и зборување | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| **Слушање со разбирање** | Ги идентификува ликовите кои зборуваат во текстот што го слуша (дали се луѓе, животни или растенија).<br><br>Ги идентификува ликовите во слушниот текст и определува кој (и кога) зборува тивко, умерено или гласно. | 99 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Читање на драмскиот текст„Весна и Цивко“по улоги и разговор за содржината низ прашања.<br><ins>Подготовка на просторот</ins>-Рамка од картон подготвена како прозорец, пченица, хартиена маска од птица .<br><ins>Подготовка на учениците</ins> за драматизација – поделба на улоги: Раскажувач, Весна и Цивко.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците внимателно ги следат насоките на наставникот за драматизација на текстот:<br>- Јасно и гласно изнесување на говорот на ликот;<br>- Правилна артикулација и дикција;<br>- Внесување на емоционалност при драматизација;<br>- Користење на невербален говор;<br>- Движење во простор соодветно улогата.<br>Секоја група се пофалува за својата изведба со аплауз .<br>Дискусија за изведбите- како се чувствуваа, дали сакаат да учествуваат и во други драмски улоги и сл.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците во тетратка го препишуваат говорот на Цивко кога искажува благодарност за помошта која ја доби од Весна**.**<br>Биди здрава, жива Весно! Да те краси љубов, песна! Пријателот кај и да е,по доброто секој го знае. Во тешки- | Рамка од картон подготвена како прозорец, пченица, хартиена маска од птица<br><br>Испечатен примерот од драмски текст за секој ученик<br><br>тетратка за почетно пишување | Чек листа за следење:<br>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>идентификува ликовите кои зборуваат (луѓе, животни)<br><br>идентификува кога ликот зборува тивко, умерено или гласно. |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | те снежни дни, еден живот спаси ти!<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | |
|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: Македонски јазик | |
| Наставно подрачје/тема – Читање и пишување | |

| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Почетно пишување<br><br>(печатни букви, ракописни букви, мали букви, големи букви, точка,<br><br>запирка,<br><br>прашалник,<br><br>извичник,<br><br>азбука) | Прави разлика меѓу ракописни и печатни букви<br><br>Пишува ракописни букви мали и големи<br><br>Пишува зборови и куси реченици со ракописно писмо. | 100 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците преку реченица откриваат кои ракописни букви не им се изучени:<br>***Зоран јади зелка, а Горјан грозје.***<br>Учениците погодуваат гатанки /стихови преку кои ги откриваат новите ракописни букви кои ќе се обработуваат- *Зз* и *Гг*.<br><br>Учениците смислуваат збор кој ги содржи новите букви и се искажуваат на која позиција се наоѓа гласот/ буквата во зборот.<br>Пр. вазна- Гласот/буквата з се наоѓа во средината на зборот.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Се истакнува постер од голема и мала печатна буква Зз и голема и мала ракописна буква ***Зз.***<br>Се анализираат разликите во елементите на буквите.<br>Учениците вежбаат пишување по еден ред од печатната буква З,з. | постер од голема и мала печатна буква Зз, Гг и голема и мала ракописна буква *Зз, Гг.*<br><br>тетратка за почетно пишување | Чек листа за следење:<br><br>Правилно ги пишува ракописните букви *З* и *Г*<br><br>Правилно ги поврзува ракописните букви во зборови и реченица<br><br>Пишува зборови и куси реченици со ракописно писмо. |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Наставникот демонстрира како е изведена ракописната буква **З,з** од печатната, а учениците вежбаат пишување на ракописните букви.<br>На ист начин се увежбува пишување на буквата ***Гг*.**<br>Од изучените букви учениците вежбаат пишување на зборовите:<br>***Гуштер. Гостивар, вага, рог, гулаб, нога...***<br>***заб, Зоран, гезве, вазна, низ, зумбул...***<br>Учениците даваат предлози за пишување на реченици со новоизучените букви.<br>Пр. *Здравко го боли заб.*<br>*Гордана купи грозје.*<br>*Грозјето е зелено...*<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците кои завршуваат побрзо можат самостојно или во парови да составуваат реченици со новите букви.<br>Хорово се меморираат гатанките за буквите З и Г.<br>(за време за други активности)<br><br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

| | |
|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: Македонски јазик | |
| Наставно подрачје/тема – Читање и пишување | |

| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Почетно читање**<br>(глас, слог, збор, едноставна реченица, куса реченица, азбука<br>**Почетно пишување**<br>(печатни букви, ракописни букви, мали букви, големи букви, точка,<br>запирка, прашалник, извичник, азбука) | Чита букви, зборови, слогови и едноставни/куси реченици во состав на разни текстови<br>Самостојно пишува едноставен текст, од сеќавање на претходно слушнат текст или од текст научен напамет | 101 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Повторување на гатанките за буквите З и Г.<br>Читање на речениците од домашната работа кои ги содржат буквите З и Г.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Наставникот изразно го чита текстот„ Натпревар“ од учебник стр.41. Учениците одговараат на прашања од содржината на текстот.<br>• Каде се Зоран и Горан ?<br>• Што прават Зоран и Горан во дворот?<br>• Кој од нив прв дал гол?<br>• Каков гол постигнал Горан?<br>• Со каков резултат завршил натпреварот помеѓу нив?<br>• Каков план имале за следниот ден?<br>Хорово се чита текстот (1-2 пати) со цел учениците да се воведат во читање на тексот со правилна артикулација и дикција.<br>Учениците го препишуваат текстот со убав и читлив ракопис.<br>Додека учениците препишуваат, наставникот индивидуално со секој ученик го увежбува читањето на новиот | Постери со изучените ракописни букви.<br>учебник<br>тетратка за почетно пишување | Чек листа за следење:<br>Одговор на прашања со целосна реченици<br>Чита зборови и едноставни/куси реченици во состав на разни текстови<br>Правилно пишува краток текст со ракописни букви |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | текст.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците добиваат работен лист во кој е запишан текстот, но сите зборови се споени.<br>Учениците во парови треба да се обидат правилно да ги одделат зборовите. Се поттикнуваат на натпревар-кој пар најбрзо и правилно ќе ги одели зборовите. Активноста има за цел да создаде и весело расположение.<br>Потоа им се дава лист и со точно решение со цел да направат проверка на својата работа.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | |
|---|---|
| **ЗораниГорансеводворот. Играатсоноватаатопкана Зоран. Зоранпрвдадегол. Но,иГоранмуврати. Голотгопостигнасоглава. Сегасееденспремаеден-нерешено. Откакосенаиграа, сеприбраадома. Планирааакакоутре подобродасенатпреваруваат.** | **ЗораниГорансеводворот. Играатсоноватаатопкана Зоран. Зоранпрвдадегол. Но,иГоранмуврати. Голотгопостигнасоглава. Сегасееденспремаеден-нерешено. Откакосенаиграа, сеприбраадома. Планирааакакоутре подобродасенатпреваруваат.** |
| **Зоран и Горан се во дворот. Играат со новата топка на Зоран. Зоран прв даде гол. Но, и Горан му врати. Голот го постигна со глава. Сега се еден спрема еден - нерешено. Откако се наиграа, се прибраа дома. Планираа како утре подобро да се натпреваруваат.** | **Зоран и Горан се во дворот. Играат со новата топка на Зоран. Зоран прв даде гол. Но, и Горан му врати. Голот го постигна со глава. Сега се еден спрема еден - нерешено. Откако се наиграа, се прибраа дома. Планираа како утре подобро да се натпреваруваат.** |

| | |
|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: Македонски јазик | |
| Наставно подрачје/тема – Читање и пишување | |

| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Почетно пишување**<br><br>(печатни букви, ракописни букви, мали букви, големи букви, точка,<br><br>запирка, прашалник, извичник, азбука) | Прави разлика меѓу ракописни и печатни букви.<br><br>Пишува зборови и куси реченици со ракописно писмо. | 102 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Со учениците се разговара за годишното време зима и нејзините карактеристики.<br>**студ, мраз, Северко, снег, Снешко, санки и сл.**<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Секој ученик добив печатен текст од песна „Зимска песна“.<br>Читање на песната по стофи и анализа по прашања:<br>• За кое годишно време се пее во песната?<br>• Со каков килим е покриена земјата?<br>• Кој спие во пештера?<br>• Каде се крие верверичката?<br>Учениците добиваат задача да ја препишат песната напишана со печатни кирилични букви, со ракописни кирилични букви.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците прават проверка со читање со цел да пресретнат грешки при препишувањето.<br>Наставникот ги прегледува тетратките и дава повратна информација за совладаноста на изучените ракописни букви.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да | Печатен текст од песната за секој ученик<br><br>тетратка | Чек листа за следење:<br><br>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Препишува текст од печатна кирилица на ракописна кирилица |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

Зимска песна

Се под килим бел си трае
дојде баба Зима
по планини снег се пласти
едно метро има.

Дедо Медо во пештера
сладок сон си спие
срната мала
на топло се крие.

Мразот стега, ветер дува
низ гранките голи,
кутриот Сивко
за лебни ронки моли.

Зимска песна

Се под килим бел си трае
дојде баба Зима
по планини снег се пласти
едно метро има.

Дедо Медо во пештера
сладок сон си спие
срната мала
на топло се крие.

Мразот стега, ветер дува
низ гранките голи,
кутриот Сивко
за лебни ронки моли.

Зимска песна

Се под килим бел си трае
дојде баба Зима
по планини снег се пласти
едно метро има.

Дедо Медо во пештера
сладок сон си спие
срната мала
на топло се крие.

Мразот стега, ветер дува
низ гранките голи,
кутриот Сивко
за лебни ронки моли.

Зимска песна

Се под килим бел си трае
дојде баба Зима
по планини снег се пласти
едно метро има.

Дедо Медо во пештера
сладок сон си спие
срната мала
на топло се крие.

Мразот стега, ветер дува
низ гранките голи,
кутриот Сивко
за лебни ронки моли.

resursi.literatura.mk

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Читање и пишување | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| **Почетно читање (глас, слог, збор, едноставна реченица, куса реченица, азбука)** | Препознава **расказни,** прашални и извични реченици во текст и ги чита со соодветна интонација. | 103 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Разговор со учениците што сакаат да јадат најмногу за ужинка кога се на училиште.<br>Учениците одговараат на прашања:<br>• Дали носите подготвена храна од дома за ужинка?<br>• Кој ви ја подготвува?<br>• Колку често носите овошје како ужинка?<br>• Што купувате од продавница за јадење за време на големиот одмор ?<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците слушаат изразно читање на текстот„ Ужинка“ стр. 80.<br>Одговараат на прашања:<br>• Кој е главен лик во расказот?<br>• Што чекал Јозеф со нетрпение?<br>• Зошто не пишувал, додека учениците работеле?<br>• Што направиле сите ученици кога заѕвонило ѕвончето?<br>• Зошто Јозеф не купил печиво?<br>• Што направил неговиот другар Марко?<br>Читање на текстот од учениците. Воочуваат дека во текстот се раскажува за гладниот Јозеф и необичната случка додека сакал да купи ужинка.<br>Учениците воочуваат дека текстот се употребени само расказни реченици-секоја реченица завршува со точка. | Печатен текст од песната за секој ученик<br><br>тетратака | Чек листа за следење:<br>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Препознава расказни реченици во текст и ги чита со соодветна интонација. |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Потсетување со каква интонација се читаат и изговараат расказните реченици.<br><br>Заедно со учениците се извлекуваат расказни реченици за содржинаата на текстот. Пр.<br>1. Гладниот Јозеф нестрпливо чека да заврши часот.<br>2. Учениците купуваат топло печиво.<br>3. Јозеф нема пари за да купи кифла.<br>4. Марко носи две кифли во рацете.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Секој ученик добива задача со одреден збор да состави расказна реченици во која ќе го употреби. Реченицата треба да ја изговори со правилна интонација.<br>Пр. **убава** - Маја има **убава** блуза.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="6">Наставно подрачје/тема – Читање и пишување</td></tr>
<tr><td>содржини и поими</td><td>стандарди за оценување</td><td>час и датум</td><td>Сценарио за час</td><td>средства</td><td>следење на напредокот</td></tr>
<tr><td>Почетно читање (глас, слог, збор, едноставна реченица, куса реченица, азбука)</td><td>Препознава расказни, прашални и извични реченици во текст и ги чита со соодветна интонација.</td><td>104</td><td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>Учениците добиваат задача да избројат колку расказни реченици има во текстот„Ужинка“стр. 80<br>• Како ја препознавате расказната реченица (завршува на точка).<br>Учениците се искажуваат за расказните реченици од минатиот час<br>- Реченици со кои нешто раскажуваме - расказни<br>- Расказните реченици завршуваат на точка.<br>Главен дел – искуствено учење<br>Штафетно читање на текстот „Ужинка“<br>Учениците се групираат во две групи:<br><u>1 група</u> - Работен лист со извадок на првиот дел од текстот и прашални реченици поврзани со содржината од првиот дел.<br><u>2 група</u>- Работен лист со извадок на вториот дел од текстот и прашални реченици поврзани со содржината од вториот дел.<br>Учениците ги следат насоките, ги читаат прашањата па ги пронаоѓаат одговорите во расказните реченици. Си помагаат во групата при изнаоѓање на одговори.<br>Завршни активности – изведување заклучок<br>Изведување на заклучок за прашални реченици:<br>• Речениците со кои прашуваме - прашални<br>• Прашалните реченици завршуваат на прашалник.</td><td>Работен лист за секој ученик<br><br>учебник</td><td>Чек листа за следење:<br>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Препознава расказни, прашални реченици во текст и ги чита со соодветна интонација</td></tr>
</table>

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Учениците од секоја група ги читаат прашалните и рас-казните реченици со правилна интонација .<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

## УЖИНКА

Јозеф седеше во клупата сам. Чекаше да ѕвони. Ни букви, ни бројки гледаше. Умираше од глад. Го мамеше мирисот што влегуваше од под вратата на училницата. Стопати се прекори зошто вчера не вечераше. Но, ѕвончето никако да заѕвони, а часовникот како да застанал. Сите други во училницата вредно пишуваа. Јозеф тупкаше со ногата. Чекањето е навистина здодевно.

Одеднаш заѕвони. Сите станувaa и трчаа кон делот од училиштето каде што мирисаше на топло печиво. Јозеф за миг беше таму. Ја пикна раката во џебот. Празно. И во другиот. Празно. Се удри по челото, му текна дека парите ги остави на комодата во дневната соба. Марко мирно стоеше зад него. Јозеф се тргна од редот. Не му се веруваше. Додека бавно се враќаше во училница го стигна Марко, носеше две кифли во рацете. Едната му ја даде на Јозеф без да каже збор.

1. Кој седеше сам во клупата?

2. Што чекаше Јозеф?

3. Што правеа сите други во училницата?

1.Кога заѕвони?

2.Кој стоеше мирно зад него?

3.Што направи Марко со едната кифла?

| Изготвил: Наташа Тодоровска | | | Одделенски наставник – ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Слушање и зборување | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| Усно прераскажување ,раскажување и опишување<br><br>расказни реченици,<br><br>прашални реченици,<br><br>потврдни реченици,<br><br>одречни реченици,<br><br>директен говор индиректен говор | Опишува **лица,** предмети, растенија, животни и пејзажи врз основа на набљудување или имагинација | 105 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Наставникот повикува два ученика пред таблата(момче и девојче).<br>Учениците одговараат на прашања и се вклучуваат во дискусија:<br>• Како се викаат учениците кој стојат пред вас?<br>• Како изгледа момчето/девојчето?<br>Учениците ги именуваат и ги опишуваат според надворешниот изглед (боја на коса, очи, облека, висина и сл.)<br>• Што сакаат најмногу да прават на часови, за време на одмор?<br>Наставникот ги насочува учениците да се искажат за некои карактеристични особини кои ги забележуваат учениците кај нив:<br>- на часовите(внимателен, мирен, активен, убаво црта, пее, чита...)<br>- хоби, омилен спорт и сл.<br>- однос кон другарите, кон возрасните и сл.<br>• Што е важно за да бидеш добар другар од она што го опишавме?<br>• Дали е важен надворешниот изглед?<br>• Дали е важно да имате заеднички интерес за учење, игра, хоби, миленичиња? | тетратка за почетно пишување | Чек листа за следење:<br><br>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Ошишува лица по набљудување со користење на расказни реченици<br><br>Активно учествува во заедничка работа |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Главен дел – искуствено учење**<br>Наставникот ги насочува учениците да размислат кој е нивниот најдобар другар и зошто сакаат со него да играат, да другаруваат.<br>Учениицте според дадани насоки усно го опишуваат.<br>**Мојот најдобар другар/ка се вика.... Тој/таа учи... Заедно играме ... Многу сака...**<br>Запишуваат некол расказни речениците во кои го опи-шуваат своето другарче.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Читање и анализа на описите на учениците.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

| | |
|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: Македонски јазик | |
| Наставно подрачје/тема – Читање и пишување | |

| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Почетно пишување<br><br>(печатни букви, ракописни букви, мали букви, големи букви, точка,<br><br>запирка,<br><br>прашалник,<br><br>извичник,<br><br>азбука) | Прави разлика меѓу ракописни и печатни букви<br><br>Пишува ракописни букви мали и големи<br><br>Пишува зборови и куси реченици со ракописно писмо. | 106 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Наставникот на таблата запишува неколку зборови. Учениците треба да откријат која буква ја има во сите зборови.<br>**нож, кожа, ножица, Жанета,**<br>**маж, жито, Надежда**<br><br><br>Учениците ја откриваат букаta Ж<br>Ја откриваат гатанката за жаба.<br><br>Искажуваат и други зборови каде се среќава гласот **ж** во различни позиции во зборот.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Се истакнува постер од голема и мала печатна буква Жж и голема и мала ракописна буква ***Жж.***<br>Се анализираат разликите во елементите на буквите.<br>Учениците вежбаат пишување по еден ред од печатната буква Жж.<br>Наставникот демонстрира како е изведена ракописната буква ***Жж*** од печатната, а учениците вежбаат пишува-ње на ракописните букви.<br>***нож, кожа, множина, Жанета, маж, жито, желба, желка, жонглер надеж...***<br>Учениците даваат предлози за пишување на реченици со новоизучените букви. | постер од голема и мала печатна буква Жж и голема и мала ракописна буква *Жж.*<br><br>тетратка за почетно пишување | Чек листа за следење:<br><br>Правилно ја пи-шува ракописна-та буква *Жж*<br><br>Правилно ја по-врзува ракописна-та буква во зборо-ви и реченица<br><br>Пишува зборови и куси реченици со ракописно писмо. |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Пр. ***Жарко живее во село Желино.***<br>***Жаклина носи жолти пижами.***<br>***Желката и жабата се животни...***<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците кои завршуваат побрзо можат самостојно или во парови да составуваат реченици со новите букви.<br>Хорово ја меморираат гатанката за буквата Ж<br>(за време за други активности)<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Читање и пишување | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| **Почетно читање**<br>(глас, слог, збор, едноставна реченица, куса реченица, азбука<br>**Почетно пишување**<br>(печатни букви, ракописни букви, мали букви, големи букви, точка,<br>запирка, прашалник, извичник, азбука) | Чита букви, зборови, слогови и едноставни/куси реченици во состав на разни текстови<br>Самостојно пишува едноставен текст, од сеќавање на претходно слушнат текст или од текст научен напамет | 107 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Дискусија со учениците за поимот ДРУГАРСТВО<br>**игра, почит, помош, учење, солидарност ,чување тајни соработка**<br>• Кај мојот другар /ка ми се допаѓа...<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Наставникот изразно го чита текстот„ Другари“ од учебник стр.43. Учениците одговараат на прашања од содржината на текстот.<br>• Кој ја загубил ужинката ?<br>• Што правел Живко за време на големиот одмор?<br>• Што го запрашал Божин?<br>• Дали му помогнал Божин на Живко?<br>• Што направил Жарко?<br>• Кој е вистински другар на Живко, Божин или Жарко? Зошто?<br>Хорово се чита текстот (1-2 пати) со цел учениците да се воведат во читање на тексот со правилна артикулација и дикција.<br>Учениците го препишуваат текстот со убав и читлив ракопис.<br>Додека учениците препишуваат, наставникот индивидуално со секој ученик го увежбува читањето на новиот текст.<br>**Завршни активности – изведување заклучок** | Постери со изучените ракописни букви.<br>учебник<br>тетратка за почетно пишување | Чек листа за следење:<br>Одговор на прашања со целосна реченици<br>Чита зборови и едноставни/ куси реченици во состав на разни текстови<br>Правилно пишува краток текст со ракописни букви |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Учениците во текстот во тетратката ја пронаоѓаат и потцртуваат ракописнта буква *Жж.*<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Читање и пишување | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| **Почетно пишување**<br>(печатни букви, ракописни букви, мали букви, големи букви, точка,<br>запирка, прашалник, извичник, азбука) | Пишува едноставна јазична содржина (поврзува гласови и букви во целосен збор, зборови во реченица) по слушање.<br><br>Пишува голема буква на почетокот од реченицата што ја запишува од слушање<br><br>Пишува едноставни и куси текстови по диктирање | 108 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Се повторуваат изучените букви преку постерите со ракописни букви.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците имаат тетратка за почетно пишување( за писмена проверка) .<br>Наставникот дава насоки да се подготват учениците за пишување на зборови и реченици по диктат. Се потсетуваат и на правописните правила- пишување на голема буква на почеток на реченица и при пишување на лични имиња.<br>Учениците по диктат пишуваат неколку зборови со изучените букви.<br>***зелка, мазник, зебра, гулаб, баклава, жаба,животно, Женева, Гостивар, Зрзе....***<br>Учениците внимаваат како наставникот ги изговара речениците при диктатот(воочуваат правилна интонација при изговор на прашална и расказна реченица )и ставаат соодветен знак на крајот од реченицита- прашалник или точка.<br>***Зошто му се налути Васко на Јован?***<br>***Каде живее Жарко?***<br>***Гулабот слета на гранката.***<br>***Никола патува за Штип.***<br>***Колку гиодини има Томе?...*** | Постери со изучените ракописни букви.<br><br>тетратка за почетно пишување | Чек листа за следење:<br><br>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Пишува голема буква на почетокот од реченицата<br><br>Правилно пишува реченици со изучени ракопсни букви по диктат |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Учениците со внимание го слушаат наставникот и пишуваат по диктат.<br>Читање на речениците за контолна проверка и коригирање на грешките.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците во парови ги разменуваат тетратките.<br>Наставникот  запишува на табла како правилно треба да бидат запишани речениците. Ги насочува да ги прегледаат речениците на своето другарче и да проверат дали им се точно напишани. Онаму каде се точни ставаат знак за точно(штиклираат), а доколку има грешки во реченицата ставаат прашалник.<br>Наставникот ги проверува диктатите на учениците и им дава усна и писмена повратна информација за постигнувањата.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="6">Наставно подрачје/тема – Слушање и зборување</td></tr>
<tr><td>содржини и поими</td><td>стандарди за оценување</td><td>час и датум</td><td>Сценарио за час</td><td>средства</td><td>следење на напредокот</td></tr>
<tr><td>Реагирање по слушнат текст<br><br>(невербална и вербална комуникација)</td><td>Реагира со куси искази<br><br>(„Да./Не.“; „Добро.“;<br><br>„Се разбира.“; „Договорено! „Навистина?“ „Мислиш?“; „Како да не!“) во знак на<br><br>согласување/ несогласување,<br><br>верување/ неверување,<br><br>сомневање, изненадување,<br><br>потврдување/ одрекување,</td><td>109</td><td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>На поширок простор во училницата се означува права линија со креда или јаже. На едната страна од линијата се става лист со зборот ДА, а на другата страна со зборот НЕ. Наставникот кажува изкази на кои учениците одговараат со ДА или НЕ со поместување во соодветниот простор, а не со зборување.<br>• Надвор врни снег.<br>• Бојан има сини очи.<br>• Змијата има крилја....<br>Се извлекува заклучок за невербална комуникација ,на исказите одговараа со движење кон просторот со точниот одговор. Соодветното движење одговараше на исказите ДА/НЕ .<br>Главен дел – искуствено учење<br>Наставникот истакнува слика со вселенско летало, а под неа запишува или истакнува картончиња со куси искази :<br>Да. Не. Добро. Се разбира!<br>Договорено! Навистина? Мислиш? Како да не!<br>Започнува исказ со објаснување:<br>Вчера додека бев на вечерна прошетка забележав вселенски брод како лета во наша непосредна близина и веднаш го фотографирав.<br>- Дали ми верувате ?<br>- Дали сметате дека фотографијата е вистинска?</td><td>Креда<br><br>Подолго јаже<br><br>А4 бел лист со исказ ДА<br><br>А4 бел лист со исказ НЕ<br><br><br><br>картончиња со куси искази :<br>Да. Не.<br>Добро.<br>Се разбира!</td><td>Чек листа за следење:<br><br>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Реагира со куси искази при : согласување/ несогласување,<br><br>верување /неверување,<br><br>сомневање, изненадување,<br><br>потврдување/ одрекување,<br><br>потсмевање, лутење во врска со</td></tr>
</table>

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | потсмевање, лутење во врска со слушната содржина. | | - Сакате да ја видите одблизу и зголемна?<br>- Можеме утре да одиме заедно до местото.<br>- Дали се сомневате во мојот исказ ?<br>- Марсовец излезе од вселенското летало.<br>Учениците се насочуваат да користат од кусите искази како одговор на поставените прашања.<br>Учениците внимателно слушаат изразно читање на текст „Вселенско летало“. При читањето наставникот ги нагласува ликовите со цел учениците да го разберат и доживеат разговорот (прашање-одговор)<br>**Дарко:** Здраво,како си?<br>**Иве:** Добар сум.<br>**Дарко:** Вчера видов вселенско летало од мојот балкон.<br>**Иве:** Навистина!<br>Читање на текстот во парови. Учениците се искажуваат за разговорот меѓу двајцата другари .<br>• Шо забелажал Дарко од својот балкон?<br>• Со кого сакал да го сподели своето изненадување?<br>• Дали Иве му поверувал?<br>• Што му покажал Дарко како доказ?<br>• Што гледал Иве на фотографијата на телфонот?<br>• Дали Дарко и Иве се согласуваат за она што го гледаат на фотографијата?<br>Извлекуваме заклучок дека со куси искази се искажува исто или различно размислување и сфаќање со другите (се согласувам-не се согласувам, верувам- не верувам и сл. ). Треба да веруваме само на проверени информации.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците се поделени во двојки. Секој пар добива картички со прашања, а одговорите треба да ги даваат со примена на куси одговори како од истакнатите картички на таблата. Наизменично поставуваат прашања и даваат одговор. | Договорено!<br>Навистина?<br>Мислиш?<br>Како да не!<br><br>Учебник<br><br>Картички со прашања | слушната содржина.<br><br>Активно учество во работа во пар |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | - Дали сакаш сладолед од лешник?<br>- Да.<br>- Дали оваа година ќе одите на одмор во Охрид?<br>- Можеби!<br>(Во времето за други активности може да се вежба драматизација на текстот„Вселенско летало“ .<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

## ВСЕЛЕНСКО ЛЕТАЛО

Дарко: Здраво како си?
Иве: Добар сум.
Дарко: Вчера видов вселенско летало од мојот балкон.
Иве: Навистина?
Дарко: Навистина, да! Сакаш да ти покажам?
Иве: Ајде.
Дарко: Еве, мојот телефон фотографираше сè.
Иве: Па, ова е само точка, ај зголеми го?
Дарко: Еве го. Сега веруваш?
Иве: Мислам дека сепак е само точка, а не вселенско летало.

Преземено од списние за деца „Либи"





<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="6">Наставно подрачје/тема – Слушање и зборување</td></tr>
<tr><td>содржини и поими</td><td>стандарди за оценување</td><td>час и датум</td><td>Сценарио за час</td><td>средства</td><td>следење на напредокот</td></tr>
<tr><td>Реагирање по слушнат текст<br><br>(невербална и вербална комуникација)</td><td>Усно одговара на слушнати прашања, со избирање на еден од три понудени одговори,<br>со дополнување реченица со збор<br>или со да/не-одговор.</td><td>110</td><td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>Во парови се драматизира текстот„Вселенско летало “. Наставникот поставува три прашања од текстот , а учениците треба да одговорат со да или не, да дополнат со еден збор и да ја довршат реченицата.<br>• Дали Дарко видел вселенско летало од својот балкон? ДА/НЕ<br>• Каде ја чуваше фатографијата од леталото? (телефон)<br>• Дополнете го одговорот на Иве - Мислам дека тоа е само точка, а не.......( вселенско летало)<br>Главен дел – искуствено учење<br>Со учениците се разговара за нивната омилена храна, начинот на исхрана дома и додека се на училиште. Им се поставуваат прашања од следниот вид:<br>1. Да/не одговори<br>- Дали сакаш да јадеш спанаќ?<br>- Дали наутро пиеш млеко?<br>- Дали сам си подготвуваш храна?<br>- Дали за одморот јадиш чипс?<br>2. Прашања со избор (3 понудени одговори )<br>- Каков вид на ужинка најчесто јадиш на големиот одмор?<br>• Кифла, геврек<br>• Крофна, кроасан<br>• Смоки, бисквити</td><td>Учебник</td><td>Чек листа за следење:<br><br>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Усно одговара на слушнати прашања со да/не одговор<br><br>Усно одговара на слушнати прашања со избор на еден од три понудени одговори,<br><br>Усно одговара на слушнати прашања со дополнување реченица<br>со збор или со да/не-одговор.</td></tr>
</table>

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 3. **Реченици со дополнување**<br>• Сакам да пијам сок од .....<br>• За појадок најчесто јадам....<br>• Моето омилено јадење е...<br>Се дискутира во која ситуација им беше најтешко да одговорат и зошто.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците на самолеплив стикер запишуваат омилен вид на храна.<br>Ги лепат стикерите на табла. Се групираат стикерите според видот на храна која најмногу сакаат да јадат учениците.<br>**овошје колачи пица тетсенини месо...**<br>Наставникот ги насочува учениците да се обидат да поставуваат прашања по дадениот пример:<br>- да/не одговори - Дали Јане сака да јади месо?<br>- избор од 3 одговори ( ученик лепи 3 стикери еден под друг и дава избор на друг ученик да избери омилено јадење од трите понудени) и сл.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | Самолепливи стикери | Активно учество во работа во пар |

resursi.literatura.mk